**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-220/7**

**Скопје, 22.09.2008 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за образование и наука, сметка за отплата на студентски кредити во образованието за 2007 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука, сметка за отплата на студентски кредити во образованието за 2005 година. За годината која и претходи на годината предмет на ревизија не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Сулејман Рушити - министер

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 03.03.-30.05.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој извештај, утврдени се следните неправилности категоризирани како:

10.1. **Неправилности во искажувањето на приходите/ расходите**

10.1.1. На позицијата Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата, Министерството за образование и наука ги евидентирало одобрените студентски кредити во образованието во износ од 92.000 илјади денари во 2007 година, кои се исплатени од редовната сметка од групата Финансиски средства. Состојбата на позицијата Долгорочни кредити и позајмици на 31.12.2007 година изнесува 894.654 илјади денари и претставува кумулиран износ на доделени студентски кредити во образованието од 1996 година до 31.12.2007 година.

Ненаплатените студентски кредити се однесуваат на споменатиот период, бидејќи Министерството за образование и наука со Решение бр. 08-3061/1 од 06.06.2002 година ги отпишало студентските кредити од учебната 1990/1991 година до учебната 1996/1997 година во вредност од 196.916 илјади денари, и отпочнало со постапка за наплата само на доделените студентски кредити од 1997/98 година наваму.

Кумулираниот износ од 894.654 илјади денари го содржи намалувањето за вредноста на отпишаните кредити на студентите, кои ги исполниле условите за целосно или делумно ослободување од обврската за враќање на кредитот. Согласно Договорот потпишан со Министерството за учебната 1998/1999 година, во периодот од 2005 година наваму, отпишани се обврските на студентите, кои ги исполниле условите за целосно ослободување во износ од 7.328 илјади денари и вратени се кредити од страна на студентите, кои делумно ги исполниле условите за враќање на кредитот во износ од 3.893 илјади денари.

Ревизијата не е уверена во целосноста на остварените приходи во 2007 година по основ на наплата на доделените студентски кредити во образованието во износ од 1.389 илјади денари поради невоспоставена аналитичка евиденција на побарувањата по корисници на студентски кредити.

Ревизијата констатира и значително доцнење во наплатата на одобрените студентски кредити. Со договорот за студентски кредит корисникот на кредитот се обврзува дека студентскиот кредит ќе почне да го отплатува најдоцна во рок од една година од предвидениот рок за завршување на студиите, но не подолго од времето на негово користење односно во рок од 6 месеци доколку ги прекине или напушти студиите или го загуби правото на упис во наредниот семестар и година на студии.

Со оглед на исклучително нискиот процент на наплата на студентските кредити (0.43% вратени средства во однос на вкупно доделените кредити со состојба 31.12.2007 година), истите добиваат третман на стипендии, со што се нарушува концептот на кредитирање и се коси со основните цели на програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард.

**Препораки**

1. Со цел следење на обврската за целосно/делумно враќање на доделените кредити, Министерството за образование и наука да воспостави компјутерска евиденција на побарувањата по основ на доделените студентски кредити по корисници. Воедно, Министерството редовно да го следи ослободувањето од обврската за враќање на кредитот (целосно или делумно) во зависност од покажаниот успех во текот на студиите. Поради значителното доцнење од 9 години во наплатата, треба да се интензивира наплатата на побарувањата со цел да се избегне повторен отпис на ненаплатените студентски кредити.
2. Министерството за образование и наука треба да ги следи промените во статусот на студентот поради: прекинување или напуштање на студиите или губење на правото на упис во наредниот семестар и година на студии, со оглед дека нивната обврска за враќање на кредитот почнува најдоцна во рок од 6 месеци од настанатата промена.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.1.1, не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука, сметка за отплата на студентски кредити во образованието под 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.1.1, кај Министерството за образование и наука - сметка за отплата на студентски кредити во образованието не е остварено законско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**13. Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2005 година**

**13.1** МОН не постапило по препораката дадена во ревизорскиот извештај за 2005 година која се однесува на воспоставување на евиденција на побарувањата по основ на доделените студентски кредити по корисници.

**Скопје,19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.951 | 2.505 |
| **Вкупно приходи** | **2.951** | **2.505** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Субвенции и трансфери | 689 | 943 |
| **Вкупно тековни расходи** | **689** | **943** |
| **Вкупно расходи** | **689** | **943** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **2.262** | **1.562** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2.262 | 1.562 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.262** | **1.562** |
| **Вкупна актива** | **2.262** | **1.562** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 2.262 | 1.562 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.262** | **1.562** |
| **Вкупна пасива** | **2.262** | **1.562** |